# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 10 Април 2014 година<br>Скопје<br>Бр.5 Год.IX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. **Одлука за давање согласност за поголем број на деца во групи во ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров-Скопје ........................................ стр. 2**

2. **Одлука за именување на претставник во Управниот Одбор на ЈОУДГ „Росица“-Ѓорче Петров-Скопје ........................................ стр. 4**

3. **Одлука за ко-финансирање на проектот за “Изградба на локален пат - крак од с.Кучково до резервоари за вода (Крстот во с.Кучково) со должина од L=0.75km' “....... стр. 6**

4. **Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изработка на основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Кучково, Општина Ѓорче Петров" ........................................ стр. 8**

5. **Одлука за Измена и дополна на Измената и дополнувањето на Програмата за Урбанистичко планирање Ф.1 за 2014 година,Општина Ѓорче Петров – Скопје ............... стр. 10**


**Април 2014, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за поголем број на деца во групи во ЈОУДГ „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност за поголем број на деца во групи во ЈОУДГ „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осумнаесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 10.04.2014 година.

**Број 08-1316/1**
**Од 10.04.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 60 и член 64 од Законот за заштита на децата (Службен Весник на Р.М. бр. 23/2013 и 12/2014) а согласно Одлуката за пренесување на основачките права над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите (Службен весник на Р.М. бр. 51/05) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 18-тата седница одржана на ден 10.04..2014 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за давање согласност за поголем број на деца во групи во ЈОУДГ„Росица"-Ѓорче Петров-Скопје

### Член 1

Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, може во групите да има поголем број на деца, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста.

### Член 2

Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, за прием на поголем број на деца во групи, потребно е да формира комисија и да утврди критериуми, согласно Законот за заштита на децата.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1175/3**
**Од 10.04.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување на претставник во Управниот Одбор на ЈОУДГ „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за именување на претставник во Управниот Одбор на ЈОУДГ „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осумнаесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 10.04.2014 година.

**Број 08-1316/2**
**Од 10.04.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 114 став 10 и став 15 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на Р.М.“ бр.23/13), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Ѓорче Петров Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 1 8 -тата седница одржана на ден 10.04.2014 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за именување претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје од Градот Скопје**

**Член 1**

За претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје од Градот Скопје се именува:

- Јасмина Костадиновска.

**Член 2**

Мандатот на претставникот во Управниот Одбор трае 4 (четири) години.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1175/4**
**Од 10.04.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изградба на локален пат - крак од с.Кучково до резервоари за вода (Крстот во с.Кучково) со должина од L=0.75кm' "**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот за "Изградба на локален пат - крак од с.Кучково до резервоари за вода (Крстот во с.Кучково) со должина од L=0.75кm' ", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осумнаесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 10.04.2014 година.

**Број 08-1316/3**
**Од 10.04.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот на Град Скопје („Службен Весник на РМ" бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 18-тата седница одржана на ден 10.04.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За ко-финансирање на проектот *за "Изградба на локален пат - крак од с.Кучково до резервоари за вода (Крстот во с.Кучково) со должина од L=0.75кm' "***

**Член 1**

Се одобрува ко-финансирање на "Изградба на локален пат - крак од с.Кучково до резервоари за вода (Крстот во с.Кучково) со должина од L=0.75кm' "

**Член 2**

Проектот *"Изградба на локален пат - крак од с.Кучково до резервоари за вода (Крстот во с.Кучково) со должина од L=0.75кm' "* се одобрува за ко-финансирање со цел аплицирање од страна на Општината со проектен предлог до Министерство за Локална Самоуправа/Биро за регионален развој/Проекти за развој на селата за 2014год.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ја ко-финансира реализацијата на Проектот доколку истиот биде избран за финансирање од страна на Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој со 50% од вкупната вредност на Проектот. За оваа намена Општината ги има планирано овие средства во Програма за урбано планирање Ф/ Подпрограма ФД –уредување на простор во рурални подрачја која е составен дел на Програмата за комунални дејности бр.07-3293/11 , која Советот на Општината ја донесе на 04.11.2013 година.

Истата Програма е вградена во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година бр.07-3991/3 , донесен од Советот на 18.12.2013год година, на Позиција 482120-Изградба на локални патишта и улици во с.Кучково.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1175/6**
**Од 10.04.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изработка на основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Кучково, Општина Ѓорче Петров"**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот за "Изработка на основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Кучково, Општина Ѓорче Петров", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осумнаесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 10.04.2014 година.

**Број 08-1316/4**
**Од 10.04.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот на Град Скопје („Службен Весник на РМ“ бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/06) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 18-тата седница одржана на ден 10.04.2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За ко-финансирање на проектот *за "Изработка на основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Кучково, Општина Ѓорче Петров"***

**Член 1**

Се одобрува ко-финансирање на проектот *"Изработка на основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Кучково, Општина Ѓорче Петров"*

**Член 2**

Проектот *"Изработка на основен проект за фекална канализациона мрежа со пречистителна станица во с.Кучково, Општина Ѓорче Петров"* се одобрува за ко-финансирање со цел аплицирање од страна на Општината со проектен предлог до Министерство за Локална Самоуправа/Биро за регионален развој/Проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби за 2014год.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ја ко-финансира реализацијата на Проектот доколку истиот биде избран за финансирање од страна на Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој со 50% од вкупната вредност на Проектот. За оваа намена Општината ги има планирано овие средства во Програма за комунални дејности/ ЈИ-изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води бр. 07-3293/13год, која Советот на Општината ја донесе на 04.11.2013 година.

Истата Програма е вградена во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година бр.07-3991/3 , донесен од Советот на 18.12.2013год година, на Позиција 482310 Подготвување проекти за одводнување на отпадни води.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-1175/5** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 10.04.2014 година** **Претседател**
**Скопје** **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополна на Измената и дополнувањето на Програмата за Урбанистичко планирање Ф.1 за 2014 година**,
**Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за измена и дополна на Измената и дополнувањето на Програмата за Урбанистичко планирање Ф.1 за 2014 година,Општина Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Осумнаесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 10.04.2014 година.

**Број 08-1316/5**
**Од 10.04.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров" („Службен гласник на Град Скопје" бр. 5/2006) и член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 18-тата седница одржана на ден 10.04.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за Измена и дополнување на Измената и дополнувањето на Програмата за Урбанистичко планирање Ф.1 за 2014 година**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**член 1**

Се врши Измена и дополнување на Измената и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање Ф.1 за 2014 година, донесени на Петнаесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на година ден 21.01.2014 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.1/2014).

**член 2**

Во член 1 став 2 се додава нова алинеја 4, која гласи: „Изработка на планска документација за руларниот дел од општината: Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Општ акт за селата: Ново село; Волково; Кучково; и Никиштане;"

**член 3**

Измената и дополнувањето на Измената и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање Ф.1 за 2014 година се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**член 4**

Измената и дополнувањето на Измената и дополнувањето донесени со оваа Одлука се составен дел на програмата за урбанистичко планирање Ф.1 за 2014 година.

**член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-1175/7**
**Од 10.04.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**